**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1003-30/5**

**Скопје, 10.08.2009 година**

**До**
**Јавна здравствена установа**
**Универзитетска клиника за пластична и реконструктивка хирургија Скопје**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за пластична и реконструктивка хирургија Скопје (во понатамошниот текст: Универзитетска клиника) за 2008 година, кои се прикажани на страните од 8 до 10.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивка хирургија Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:
   - Мр. Др. Смиља Туџарова Ѓоргова - в.д. Директор на Универзитетската клиника

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 7, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 23.04.2009 година.до 12.06.2009 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на завршна сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### *10.1. Систем на интерни контроли во процесите*

#### Процес на наплата, уплата во благајна и пренос на готовинските средства

10.1.1. Универзитетска клиника нема пишани процедури за процесот на наплата, уплата во благајна и пренос на готовинските средства на сметка на носителот на платниот промет и нивно евидентирање, како приход по основ на извршени здравствени услуги за лица кои не се здравствено осигурени, по основ на извршени здравствени услуги од страна на здравствените работници-специјалисти како дополнителна дејност и по основ на партиципација. Поради отсаството на соодветни процедури и постапки за контрола на степенот на наплатените и уплатените средства по овие основи, ревизијата констатира ризик од нецелосна евиденција на приливот и одливот на паричните средства во благајната како и можност од незаконско и ненаменско користење на средствата.

**Препорака:**

Одговорните лица на Универзитетската клиника да преземе активности и мерки за донесување на интерни акти во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Правилникот за основните елементи на финансискиот менаџмент и контрола и стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, кои ќе овозможат имплементирање на процедури во сите сегменти на горенаведените процеси, заради постигнување целосна контрола во работењето врз основа на принципот на сигурен финансиски менаџмент.

**Процес на пресметка, евиденција и исплата на платите**

10.1.2. При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на пресметка, евиденција и исплата на платите на вработените, идентификувани се состојби кои укажуваат на некористење на воспоставениот систем за електронско следење на работното време на вработените. Ваквата состојба создава ризик, не секогаш примените средства на име основна плата и додатоци од плата (прекувремена работа, дежурство) да претставуваат потврда на вистински извршената работа/работни часови, односно создава несигурност во потврдувањето на трошоците исплатени на име плата и додатоци на плата.

**Препорака:**
Одоговорните лица на Универзитетската клиника да преземе мерики и активности за ефикасно функционирање на воспоставениот систем за електронско следење на полното работно време и на прекувремената работа на вработените, како и воспоставување на пишани процедури за целосна евиденција и следење на присутноста на вработените.

***10.2. Неправилна примена на акти:***

10.2.1. Врз основа на Известување од Министерството за здравство, Управниот одбор на Универзитетската клиника носи Одлука за распишување на јавен конкурс за избор на директор (две лица). Покрај донесената Одлука и формираната Комисија за избор на директори, до денот на ревизијата со Универзитетската клиника раководи едно лице именувано како вршител на должноста директор од областа на медицината, што е спротивно на Законот за здравствената заштита. Неименувањето на потребните лица кои го сочинуваат работоводниот орган на Клиниката влијае врз работењето на субјектот и создавањето на веродостојни и уредни документи кои претставуваат основ за искажаните промени во деловните книги.

Ревизијата недава препорака бидејќи во тек е постапкатата по конкурсот за прием на втор директор.

10.2.2. Универзитетската клиника нема обезбедено имотни/поседовни листи за правата на недвижностите со кои располага и управува, што не е во согласност со Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите. Поради нерегулирани имотно-правни односи, клиниката не располага со документација за доказ на сопственоста на искажаните недвижности во финансиските извештаи на субјектот.
Во текот на ревизијата Универзитетската клиника презема мерки за утврдување на сопственоста и поднесено е Барање за добивање имотен лист до Државен завод за геодетски работи Скопје.

10.2.3. Пописната комисија не извршила попис на побарувањата и обврските на Универзитетската клиника, односно не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба и не е утврден правниот основ за нивното постоење, спротивно на Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Непреземање на активности и непочитување на наведените законски и подзаконски акти за спроведување на целосен попис, предизвикува неможност да се потврди фактичката состојба на побарувањата и обврските и нивно усогласување

со сметководствената евиденција, како и изјаснување на органот на управување за утвдените разлики.

**Препорака:**
Органот на управување да преземе мерки и активности за извршување на целосен попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба на побарувањата и обврските.

***10.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела:***

10.3.1. Со ревизија на побарувањата за партиципација - учество на осигуреното лице со лични средства во цената на здравствените услуги и на лекови, констатирано е следново:

- не е воспоставена евиденција за побарувања на средствата од партиципација од секоја организациона единица – одделение пооделно и
- побарувањата за партиципација сметководствено се евидентираат во висина на износот на уплатените средства од страна на организационите единици-одделенија, а не во висина на износот на пресметана партиципација,

што не е во согласност со Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

Непочитување на законската регулатива и немањето на процедури, придонесува Клиниката да нема сметководствена евиденција за обврските за пресметана партиципација на секоја организациона единица-одделение пооделно по овој основ, како и за реалниот износ на средствата од партиципација кои остануваат како приход на користење на Клиниката.

**Препорака:**
Службата за економско сметководствено работење да врши евидентирање на побарувањата и обврските по основ на пресметана партиципација во сметководствената евиденција. За обврските по основ на уплатената партиципација од страна на осигурениците да се задолжуваат пооделно секоја организациона единица - одделение на Клиниката и понатаму секое лице кое врши прием на средствата.

10.3.2. Со ревизија на побарувањата од ФЗОМ за извршени здравствени услуги, констатирани се следните неправилности:

- во деловните книги на Клиниката побарувањата од ФЗОМ се искажани во поголем износ за 2.194 илјади денари, кој се однесува на обврска за пресметана партиципација, која до 15.07.2008 година е приход на ФЗОМ согласно Законот за здравственото осигурување. Поради погрешен начин на евидентирање во сметководствената евиденција, побарувањата во Билансот на состојба се нереално и необјективно прикажани.

- на 31.12.2008 година искажани се побарувања од ФЗОМ за извршени здравствени услуги во износ од 1.258 илјади денари кои потекнуваат од минати години. Согласно член 43 од Договорот за извршување и плаќање на здравствени услуги во болничка здравствена заштита со ФЗОМ, побарувањата од предходните години помеѓу договорените страни престануваат да постојат. Ваквата состојба влијае на реалноста и објективноста на побарувањата искажани во билансот на состојба.

**Препорака:**
Службата за економско сметководствено работење да преземе мерки за доследно почитување на законските прописи и правилно евидентирање на побарувањата од ФЗОМ за извршени здравствени услуги.

### *10.4. Ненаменско и незаконско користење на средствата:*

10.4.1. Во текот на 2008 година извршени се исплати во вкупен износ од 226 илјади денари, на име надомест на вработените за успешноста во работењето на Универзитетската клиника, врз основа на донесена Одлука бр.0201-717/4 од 03.11.2008 година од Управен одбор, што не е во согласност со Законот за работните односи кој предвидува „исплата на плата за работна успешност како дел од платата на работникот која се состои од основна плата, дел од платата за работна успешност и додатоци на плата„ и Колективниот договор за здравствена дејност на РМ.
Исплатата на надоместоците на вработените врз основа на Одлуки од Управен одбор кои не се во согласност со законската регулатива, предизвикува ненаменско и незаконско трошење на средствата на Универзитетската клиника.

**Препорака:**
Органот на управување при носење на Одлуки за деловното работење на Универзитетската клиника да ги почитува законските и подзаконските акти со кои се регулира одредената област.

*10.4.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

- Донесениот план за јавни набавки за 2008 година не ја содржи динамиката на реализација на набавките и постапката за јавна набавка која ќе се користи, спротивно на Законот за јавни набавки и Правилникот за формата и содржината на годишниот план за јавните набавки.
- Универзитетската клиника во 2008 година врши набавка на медицински потрошен материјал по спроведени постапки за јавни набавки од страна на Јавната установа за заеднички работи за потребите на Јавните здравствени установи, Клиники и Институти-Скопје, врз основа на склучен Договор за извршување на групна набавка, во износ од 1.165 илјади денари. Со ревизијата на Договорот за групна набавка е утврдено дека Универзитетската клиника нема определено и назначено одговорни лица кои ќе вршат квалитативна и квантитативка контрола на извршената набавка што ќе биде основ за плаќање како и лица кои ќе ја проверат фактурата по приемот на стоките и услугите, спротивно на член 7 од Договорот. Непостоење на квалитативна и квантитативна контрола на извршената групна набавка од страна на одговорни лица предизвикува трошење на парични средтсва на Универзитетската клиника без притоа да се има увид дали набавениот медицински материјал е со соодветен квалитет и цена.

**Препорака:**
Надлежните органи за раководење во клиниката да превземат активности за пропишување на политики за континуирано следење на договорите за јавни набавки.

11. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 10.2, 10.3 и 10.4, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за пластична и реконструктивка хирургија Скопје, на ден 31 Декември 2008 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките од 10.2. до 10.4. кај Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за пластична и реконструктивка хирургија Скопје, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

13. ***Системски слабости:***

- Извршена е поделба на Клинички центар на 30 Јавни здравствени установи и Јавна установа за заеднички работи за потребите на јавните здравствени установи клиники и институти и нивна пререгистрација во Централен регистар на РМ врз основа на Одлука за поделба на Јавна здравствена установа Универзитетски клинички центар Скопје број 19-3888/1 од 26.06.2007 година донесена од Влада на РМ. Врз основа на член 34 од Одлуката, донесувањето на статутот ќе се изврши во рок од три месеци од денот на упис на правните следбеници на Клинички центар во Централниот регистар, а останатите акти на Клиничкиот центар ќе продолжат да се применуваат најдоцна шест месеци од денот на влегување на одлуката во сила.
  Со одлука на Уставниот суд, во јуни 2008 година е поништена Одлуката на Владата за поделба на Клиничкиот центар.
  По поништувањето на Одлуката, Собранието на РМ донесува Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита со кој основачките права над постојните јавни здравствени установи основани од Собранието на РМ ги презема Владата на РМ со што Одлуката за статусни промени (припојување, спојување и поделба) на установите ја донесува Владата на РМ.
  Владата на РМ повторно носи Одлука за поделба на Јавна здравствена установа Универзитетски клинички центар Скопје број 19-3434/1 од 08.07.2008 година, во која е уредено дека правните следбеници имаат обврска Статутот да го донесат во рок од 15 дена од денот на именување на органот на управувањето, а останатите акти на Клинички центар ќе продолжат да се применуваат најдоцна три месеци.
  Ваквата состојба на поништување и повторно носење на актите со кои се уредува статусната промена, начинот на функционирање и организирање, вклучувајки ја и временската рамка за донесување на статутарните и интерните акти влијае во навременоста на донесување на истите.

- Платата на вработените (основна плата, дел од платата за работна успешност и додатоците) во здравствената дејност се уредени со Законот за работните односи притоа упатувајки (член 118) дека прекувремената работа во здравството (дежурството) ќе се уреди со прописите од областа на здравството.
  Со одредбите на **Законот за работните односи** е уредено дека *додатоците на плата* се определуваат за посебни услови при работа и тоа за работа во смени, работа во поделено работно време, ноќна работа, продолжена работа, работа во недела, работа во празници определени со закон и додаток за работен стаж, давајќи јасна дефиниција за условите и начинот на вршење на прекувремената работа (член 117). ***Прекувремената работа*** може да трае најмногу десет

часа во текот на една недела и најмногу 190 часа годишно, освен за работите кои поради специфичниот процес на работа не можат да се прекинат или за кои нема услови и можности да се организира работата во смени, согласно со акт на Владата на РМ. Ако работодавачот воведува прекувремена работа подолго од 190 часа годишно е должен да изврши прераспоредување на работното време или воведување на нови смени.

Согласно одредбите од **Колективниот договор за здравствената дејност,** основната плата на работникот се зголемува по час и тоа за: прекувремена работа 35%, работа ноќе 35%, за денови на празници 50% и за дежурство кое во хируршките гранки изнесува 100%.

Ревизијата смета дека во наведените законски прописи отсуствува јасно дефинирање на поимот дежурство. Во Законот за работните односи поимот прекувремена работа се поистоветува со поимот дежурство во здравствените установи, додека во Колективниот договор истите се разграничени и се утврдуваат различни проценти на додатоци на плата, без јасно утврдени критериуми што е дежурство а што е прекувремена работа, односно се остава слобода за различно толкување од страна на јавните здравствени установи, кое за ефект предизвикува и можност од несоодветна примена и неправилна пресметка на платите на вработените во здравстените установи.

***14. Обелоденување:***

Во сметководствената евиденција на Универзитетската клиника, на позицијата Материјални средства во подготовка, на ден 31.12.2008 година, искажана е инвестиција во тек, во вкупен износ од 30.859 илјади денари, за набавка на опрема-хипербарна комора и изведување на градежно-занаетски работи за објект за нејзино сместување. Опремата е добиена со Делбениот биланс на Јавната задравствена установа Универзитетски клинички центар, меѓутоа сеуште не е активирана.

Министерството за здравство во март 2008 година, ја обврзува Универзитетската клиника во рок од еден месец комората да ја пушти во употреба и да им овозможи на останатите клиники да ја користат по пат на склучен договор и изготвен трошковник според кој ќе се плаќа надоместокот за употреба на комората.

Врз основа на преглед на состојбата во која се наоѓа комората е констатирано дека за техничко доопремување и едукација на персонал се потребни дополнителни средтсва во износ од 2.239 илјади денари (36.400 евра), за што се известени Министерството за здравство и ФЗОМ. Со Одлука од Управен одбор, ФЗОМ одобрува дополнителни средства во износ од 3.158 илјади денари за завршување на инвестицијата во тек. Дел од овие средства се употребени за подмирување на наследен заостанат долг во износ од 902 илјади денари, додека остатокот од одобрените срества не се префрлени на клиниката.

Поради ваквата состојба Универзитетската клиника се уште не располага и не управува со хипербарната комора, со што се доведува во прашање квалитетот на здравствената заштита и здравствената состојба на корисниците на здравствените услуги, како и наменското и законското користење на исплатените средства за набавка на опремата.

Скопје, 07.08.2009 година **Овластен Државен Ревизор**

**ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија Скопје**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година**

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2008** | **05.09-31.12.2007** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 6,231 | 471 |
| Трансфери и донации | 44,741 | 6,439 |
| **Вкупно приходи** | **50,972** | **6,910** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 24,063 | 5,773 |
| Стоки и услуги | 23,491 | 1,126 |
| **Вкупно тековни расходи** | **47,554** | **6,899** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 3,076 | - |
| **Вкупно капитални расходи** | **3,076** | **-** |
| **Вкупно расходи** | **50,630** | **6,899** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **342** | **11** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **342** | **11** |

**ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија Скопје**
**Средства од буџетот на РМ**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2008 | 05.09-31.12.2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 342 | 6 |
| Побарувања | 1,300 | 5,473 |
| Финансиски и пресметковни односи | - | 149 |
| Активни временски разграничувања | 3,972 | 3,350 |
| Залихи | 1,503 | 2,007 |
| **Вкупно тековни средства** | **7,117** | **10,985** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални добра и природни богатства | 226 | - |
| Материјални средства | 29,884 | 653 |
| Материјални средства во подготовка | 30,859 | - |
| **Вкупно постојани средства** | **60,969** | **653** |
| **Вкупна актива** | **68,086** | **11,638** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 2,089 | 3,350 |
| Краткорочни финансиски обврски | 167 | 1 |
| Обврски спрема државата и други институции | 18 | - |
| Финансиски и пресметковни односи | - | 149 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 10 | - |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 1,693 | -5 |
| Пасивни временски разграничувања | 32,490 | 5,483 |
| **Вкупно тековни обврски** | **36,467** | **8,978** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 31,619 | 2,660 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **31,619** | **2,660** |
| **Вкупна пасива** | **68,086** | **11,638** |

**ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија Скопје**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **653** | **2,007** | **2,660** |
| **Зголемување по основ на:** | **60,871** | **2,686** | **63,557** |
| Набавки | 3,056 | 2,686 | **5,742** |
| Евидентиран капитал по делбен биланс | 57,787 | - | **57,787** |
| Докнижување по завршна сметка | 6 | - | **6** |
| Корекции по налог на ревизијата | 22 | - | **22** |
| **Намалување по основ на:** | **31,408** | **3,190** | **34,598** |
| Материјали во употреба | **-** | 3,190 | **3,190** |
| Отпис по попис | 2 | - | **2** |
| Корекции по налог на ревизијата | 30,860 | - | **30,860** |
| Амортизација за тековната година | 546 | - | **546** |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **30,116** | **1,503** | **31,619** |